2350

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
22. XII. 1966

**Сликарство — преглед**

# Убавината и топлината на охридското крајбрежие

## ИЗЛОЖБА НА ЈАНЕ СИМОНЧЕ ВО ОХРИД

(М. Балевски)

Осмата самостојна изложба на охридскиот сликар Јоне Симонче, покажува дека овој инвентивен и плоден уметник од градот на Климент, останал доследен на себе си и на своите основни преокупации. Неговата последна изложба во Охрид бездруго преставува неоспорен документ за неговите натамошни достигања и усовршувања во упростувањето на ликовниот израз, и по форма и по боја, и покрај тоа што тој и натаму се движи во рамките на повеќе — или помалку — познати и за него својствени и карактеристични ликовни опсервации, што доаѓале до израз и на неговите други досегашни изложби.

Јоне Симонче е тематски претставник на поднебјето во кое живее и твори. Тоа видливо се потврдува и на оваа изложба на која од 30 експонати околу 20 се со мотиви од охридското крајбрежие. Симонче е константно преокупиран со ексклузивната убавина и специфичната топлина на охридското поднебје и раскошната природна убавина, со оној извонредно животен спектар на бои и питомина на езерскиот амбиент, кој во иста мерка одушевува и лирски вознемирува. Емоционално нераздelно сврзан за него тој, со своевидна амбиција и ликовни фанатизам, се обидува да го транспонира и ликовно обликува. Во тоа смисла ликовниот сензибилтет на Симонче некаде е премногу импулсивен и без доволна рафинираност, за да се врати потоа одново кон своите смирени и питоми тонови и дискретна вознемиреност, исполнета со шарм и топлина.

Овојпат Јоне Симонче пријатно изненадува со свежината на колоритот, која, впрочем, е карактеристична за целото негово ликовно творештво. Негов посебен афинитет за колоритот на охридското поднебје (што инаку ги фасцинирал и инспирирал и другите) овојпат повеќе дошол до израз. Романтичното синило на охридскиот амбиент, посебно на бистрите езерски води, со спектар на синозелени тонови, даваат основен тон на неговата суптилна палета, што на ова изложба, на еден посебен но дискретен начин е ликовно изразена. Само оној што константно е во допир со Езерото, со сите негови чудесни убави немири и разбранувања, со волшебните преливи на боите, само оној што претставува негов „органски" дел, може да ги транспонира до најтанани нијанси. Јоне Симонче нив ги носи од своето детство кога безгрижно играл со своите врсници на Калето, со нив растел и живеел, за нив мечтаел и кога бил надвор од древниот град, и овој афинитет кон охридскиот колорит секако е природен.

Симонче и натаму останал добар пејзажист, вознемирен и растреперен од богатството на неоспорната природна убавина, што во ликовниот третман на Симонче, лирски дискретно е изразена. Бездруго имаат право оние што во пејзажите на Симонче гледаат влијание на Личеноски, што впрочем и самиот тој го потврдува истакнувајќи дека Личеноски бил негов најголем учител, кого тој посебно го почитувал и ценел.

Богатството и интересноста на старата охридска градска архитектура, со смелоста и инвенцијата на архитектонските решенија, со грациозноста и складноста на основните архитектонски линии, секогаш преставувала неисцрпен извор на инспирација во ликовното творештво на Јоне Симонче. Меѓутоа тој овде не е доволно доследен, иако е забележливо чувството и топлината, па и константен стремеж за живото ликовно обликување. Барајќи ликовен израз за одделни фрагменти, тој со полна смисла и усет ви ја доловува целината но затоа често останува ликовно недоискажан.

Новина на ова изложба претставува дискретно изразениот обид да се упрости користењето на боите и формата, под услов да се зголеми ефектот на ликовниот израз. Некои негови експонати асоцираат на недостижна едноставност на македонската икона, ако по ништо друго, тоа по поставеност на боите.

Добар дел од изложените експонати тематски се сврзани за Народната револуција, во која уметникот непосредно учествувал.

„Тоа ми е драга тема и јас сум со неа трајно сврзан", — вели Јоне Симонче. „Сè уште имам доста оригинално доживеани и незаборавни моменти од војната, кои ги носам со себе и кои мораат да добијат свој ликовен израз. Тоа е мој долг и кон тие спомени и кон самиот себе. Сигурно е дека подоцна уште поизразито ќе се вратам кон тематика од Народната револуција, пред сè, кон човекот во неа".

На ова изложба, за жал, Јоне Симонче е застапен само со два акварела. Иако се тоа портрети на еден старец и еден младич, тие го откриваат во една нова ликовна светлина овој симпатичен ликовен уметник од охридското крајбрежие. Очигледно дека акварел му лежи на Јоне Симонче. Навистина е штета што Симонче повеќе не го негува акварелот како изложените два портрета бездруго покажуваат дека во ова смисла кај него се скриваат големи неискористени потенцијални можности.